Уникатно одбележување на празникот на лозарите и винарите

# Најстарата бочва од „Тиквеш" – симбол на винската традиција во Кавадарци

*Кавадарци, 8 февруари 2017* – Во пресрет на годинешната прослава на Св Трифун – празникот на лозарите и винарите, винарската визба „Тиквеш" донираше една од своите најстари дрвени бочви. Во соработка со локалната самоуправа, бочвата е поставена на кружниот тек на еден од влезовите во Кавадарци, со што таа, за сите посетители од земјава и странство, претставува своевиден препознатлив белег на градот и неговата традиција.

„Оваа бочва е повеќе од предмет, таа е сведок на богатата традиција на производство на врвно вино во тиквешијата, што говори за нејзината голема вредност за сите нас, за „Тиквеш", за градот Кавадарци, но и за сите лозари и винари во целиот регион", велат во винарската визба „Тиквеш".

Оваа бочва со капацитет од 9000 литри е меѓу првите кои биле поставени при проширувањето на винскиот подрум во далечната 1955 година. Документите и сведоштвата од тоа време говорат дека за да можело да бидат поставени вакви големи бочви, секоја тешка повеќе од два тона, било неопходно да се отстрани дел од таваницата на винскиот подрум, што е уште еден показател за огромната пожртвуваност и ентузијазам на ВВ „Тиквеш" низ досегашната историја.

За дополнителни информации:

Винарска визба „Тиквеш" (комуникации), тел. +389 2 3181 741

ImagePR, +389 (0)2 3290 486; office@imagepr.com.mk